HELSINKI COMMITTEE FOR HUMAN RIGHTS

ХЕЛСИНШКИ КОМИТЕТ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

KOMITETI I HELSINKIT PËR TË DREJTAT E NJERIUT I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË

MAKEDONYA CUMHURİYETİ'NİN HELSINKI İNSAN HAKLARI KOMİTESİ

COMITET DI HELSINKI TI- NDREPTULI-A OMLUIDIREPUBLICA MACHEDONIA

HELSINŠKO COMITETI BAŠO E MANUŠENGERE NEJAMIJA KI REPUBLKA MAKEDONIJA

ХЕЛСИНШКИ КОМИТЕТ ЗА ЉУДСКА ПРАВА РЕПУБЛИКЕ МАКЕДОНИЈЕ

Ул. Даме Груев 8/5, 1000 Скопје; п-фах 58 Р. Македонија тел/факс: + 389 2 3290 469; 3119 073
St. Dame Gruev 8/5, 1000 Skopje; PO Box 58 Republic of. Macedonia tel/fax: + 389 2 3290 469; 3119 073
e-mail: helkom@mhc.org.mk web page: http://www.mhc.org.mk

# МЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

ФЕВРУАРИ 2013

СОДРЖИНА

ЈАВНИ НАСТАНИ И ПОВРЕДИ НА ДЕМОКРАТСКИТЕ ПРИНЦИПИ
- Уставниот суд и автономијата на Универзитетот
- Избор на судии и јавни обвинители
- Предлог на Закон за правосудниот испит

СУДСКИ СЛУЧАИ
- Повреда на правото на судење во разумен рок
- Случај Виктор Краљевски (родителско право)

ПРАВА НА ЛГБТ ЗАЕДНИЦАТА
- Застапување и лобирање
- Случаи на дискриминација и насилство
- Медиумите и ЛГБТ заедницата
- Групи за поддршка

МАРТ 2013

# ЈАВНИ НАСТАНИ И ПОВРЕДИ НА ДЕМОКРАТСКИТЕ ПРИНЦИПИ

## УСТАВНИОТ СУД НЕ ЈА ЗАШТИТИ АВТОНОМИЈАТА НА УНИВЕРЗИТЕТОТ

Во 2011 година група професори и група сенатори при Сенатот на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" Скопје поднесоа иницијатива до Уставниот суд на Република Македонија за поведување на постапка за оценување на 18 одредби од измените на Законот за високото образование, 4 одредби од Уредбата за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовна дејност, Уредбата за изменување и дополнување на Уредбата за изменување и дополнување на Уредбата за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовна дејност и Правилникот за условите кои треба да ги исполнува истакнатиот стручњак од практиката од соодветната област за изведување на клиничка настава и Правилникот за начинот и условите за организирање на практична настава за студентите.

Уставниот суд на Република Македонија по нецели 2 години од поднесувањето на иницијативите донесе решение за поведување на постапка за оценување на уставноста единствено на членот 70 став 6 од Законот за високо образование кој се однесува на именувањето на претседателот на Одборот за акредитација и евалуација од страна на Владата на Република Македонија и членот 96 став 7, според кој менторот на докторскиот труд не може да биде член на комисијата за одбрана на докторскиот труд. Врз основа на ова, се поведе постапка и за член 15 став 2 од Уредбата за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовна дејност, кој е во корелација со членот 96 став 7 и според кој менторот на докторскиот труд не може да биде член на Комисијата за одбрана на докторскиот труд. Сметајќи дека единствено кај овие одредби може да се постави прашањето на повреда на автономијата на Универзитетот и повредата на принципот на владеење на правото, Уставниот суд не успеа да ја заштити автономијата на Универзитетот од влијанието на извршната власт во делот на надворешната евалуација, самоевалуацијата, работата и обврските на Одборот за акредитација и евалуација, во правото да ги утврдува критериумите и условите за прв, втор и трет степен на студирање, како и условите за избор во наставно-научно звање, самостојно да одлучува за трошењето на средствата од буџетот на универзитетот и за оценувањето на знаењето на студентите.

Сметаме дека со ваквите одлуки на Уставниот суд се зајакнува влијанието на извршната власт врз работата на Универзитетот, кој според Уставот на Република Македонија има гарантирана автономија. Дополнително, автономијата на универзитетот и принципите според кои треба да се води секоја земја при обезбедување на оваа автономија се предвидени и со Лисабонската декларација на Европската Универзитетска асоцијација и Магна Карта на универзитетите, според кои е неопходно постоењето на академска слобода, финансиска автономија, организациона автономија и кадровска автономија на универзитетот.

Дека не се земени предвид реакциите на универзитетските професори и сенаторите за повредувањето на автономијата на Универзитетот од страна на извршната власт, говорат и последните измени на Законот за високо образование, кој на предлог на Владата, се донесе од страна на Собранието на Република Македонија без претходна стручна расправа. Имено, со новите измени се предвидува одобрување на наставните програми од страна на извршната власт, книгите од кои студентите ќе учат, начинот на гласање при одлучувањето, начинот на трошење на средствата на Универзитетот, со што повторно се повредува и финансиската автономија.

Хелсиншкиот комитет се сомнева дека Уставниот суд ќе успее да го заштити Универзитетот од повторниот напад врз неговата автономија, со оглед дека Уставниот суд не ја заштити автономијата на Универзитетот која исто така беше сериозно загрозена и со претходните измени на Законот за високо образование.

## ИЗБОР НА СУДИИ И ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ – ОПАСНОСТ ОД ДЕФИЦИТ НА КАДРИ ВО ПРАВОСУДСТВОТО

Начинот на избор и разрешување на судиите и јавните обвинители претставува еден од клучните предуслови за независен и ефикасен судски систем. Преку новите правила за избор на судии и јавни обвинители од 2010 година беше предвидено кандидатите да исполнат високи критериуми како што се: диплома за завршен правен факултет со просек од најмалку 8, положен правосуден испит, поседување на меѓународен сертификат за познавање на странски јазик, положен психолошки тест, двегодишна обука во Академијата за судии и обвинители, најмалку четиригодишно искуство во правната струка и полагање на квалификациски тест и завршен испит. Според новите правила беше предвидено кандидатите кои посетуваат обука да засноваат работен однос со Академијата, а нивната месечна плата за време на двегодишната обука да изнесува само 50% од платата на виш судски советник.

Во Февруари 2013 година во Собранието на РМ беа изгласани измени на Законот за Академијата за судии и јавни обвинители.[1] Измената се однесува на висината на платата на кандидатите кои посетуваат обука во Академијата, при што наместо досегашните 50%, тие во иднина ќе добиваат плата во еднаков износ на платата на виш судски советник. Преку ваквата измена, власта признава една од грешките поврзана со новите правила за избор на судии и како тие ќе се одразат врз правосудниот систем во иднина. Измената следи по неколкуте неуспешни огласи за обезбедување на доволен број кандидати за Академијата да може да организира и одржи двогодишна обука. Останува отворено прашањето дали ваквата грешка е направена свесно или несвесно, имајќи предвид дека од 2010 до 2012 година Судскиот совет на РМ, покрај кандидати од Академијата, можеше да избира судии и од други кандидати кои немаат посетувано обука. Во овој период беа избрани голем број на судии од втората група на кандидати за кои не важеа повисоките критериуми за избор.

[1] „Службен весник на Република Македонија“ бр. 88/2010; 166/2012 и 26/2013.

Останува отворено и прашањето дали оваа измена ќе биде доволна за на следните огласи на Академијата да се јават доволен број на кандидати, а особено поради фактот што од оваа година може да се избираат само судии и обвинители кои ја завршиле обуката во Академијата. Во крајна линија, новите правила кои беа донесени без стручна расправа и дополнителни истражувања, можат да доведат до дефицит на неопходните кадри во правосудството, што пак ќе води кон понатамошна неефикасност, пренатрупаност на судски предмети и долготрајност на судските постапки. Ваквата состојба предизвикува и опасност за ново одложување или несоодветна примена на новиот Закон за кривичната постапка кој предвидува поголема улога на обвинителството во кривичните истраги, за што е неопходно вработување на поголем број на обвинители.

## ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ЗА ПРАВОСУДНИОТ ИСПИТ

Во Февруари 2013 година, група пратеници во Собранието на РМ предложи сосема нов Закон за правосудниот испит. И покрај тоа што предложениот закон е ново решение, сосема поинакво од сегашниот начин на спроведување на правосудниот испит, разгледувањето на предлогот во Собранието се одвива по скратена постапка. Според новиот предлог на закон предвидени се измени во составот на комисијата за спроведување на испитот, стручното и научно градиво, субјектот за техничко спроведување на испитот (кој се предвидува да биде приватен, а не државен), електронско полагање преку компјутер, бодовен систем итн. Новото решение е предвидено да се применува 6 месеци по донесувањето на законот, што значи дека неговата примена би можела да отпочне до крајот на оваа година.

Донесувањето на еден значаен закон како што е Законот за полагање на правосудниот испит не може и не смее да се одвива по скратена постапка. Имено, скратената постапка според Деловникот на Собранието е предвидена за предлози на закони кои не се сложени и обемни. Сложеноста на Законот за полагање на правосудниот испит се огледа во фактот што овој испит е еден од клучните елементи за вршење на високо одговорни правни професии во приватниот, а особено во државниот сектор. Преку правосудниот испит се проверува знаењето на идните судии, јавни обвинители, државни правобранители, нотари, извршители, адвокати и други високи позиции во државната управа. Предлогот на закон е предложен без воопшто да се консултираат Судскиот совет на РМ, Советот на јавните обвинители на РМ, Нотарската комора, Комората на извршители, Адвокатската комора, Министерството за правда, правните факултети и другата стручна и научна јавност.

Понатаму, предлогот на закон се состои од решенија кои не се доволно јасни и можат да внесат забуни и недоречености при нивната примена. Така на пример постојат решенија од типот на „Прашањата кои се составен дел од студиите на случај се од областа на предметот на кој е заснована студијата на случајот и имаат десет можни опции на одговори од кои едната е точна, пет се слични и четири се различни“ или испитот „содржи 50 прашања со пет опции за заокружување од кој едната е точна, две се слични, едната е неточна во мал обем (на неа се губат мал број поени) и една е неточна во голем обем (на неа се губат поголем број поени).“ Нејасно е според кои

критериум составувачот на прашањата ќе определи што е слично, а што е неточно во „мал обем“ или во „голем обем“. Предлагачите во образложението на предлогот се повикуваат на позитивните искуства од воведувањето на слични испити во рамките на Министерството за внатрешни работи (на пр. за возачка дозвола) кои се полагаат преку електронски пат. Исто така, при изготвувањето на законот се земени предвид одредени решенија од полагањето на американскиот правосуден испит.

Хелсиншкиот комитет смета дека предложениот Закон за полагање на правосудниот испит е недоволно разработен, содржи премногу новини за да биде донесен во скратена постапка, користи решенија кои не одговараат на нашиот правен систем кој во огромна мера се разликува од американскиот и може има негативни влијанија врз правосудството и работата на државната управа. Поради таа причина, Комитетот ќе упати писмо за итно повлекување на предлогот до подносителите на овој закон и ќе побара одржување на јавна расправа во која ќе бидат вклучени сите засегнати страни и на која ќе се расправа за неопходноста од промена на методологијата на полагање на правосудниот испит.

# СУДСКИ СЛУЧАИ

## ПОВРЕДА НА ПРАВОТО НА СУДЕЊЕ ВО РАЗУМЕН РОК

Хелсиншкиот комитет за човекови права на Република Македонија, постапувајќи по барањето за бесплатна правна помош, од лицето Х, утврди повреда на правото на судење во разумен рок, поради одолговлекување на судската постапка која се води пред Основниот суд Скопје 2 Скопје. Имено, лицето Х на 23.09.2011 година поднела тужба за развод на брак до Основниот суд Скопје 2 Скопје против нејзиниот сопруг со предлог нивниот брак да се разведе, а малолетното дете да се довери на чување, воспитување и делумно издржување на тужителката, а таткото да се задолжи да плаќа издршка.

Од моментот на поднесување на тужба до февруари 2013 има изминато година и половина, одржани се 6 рочишта и судот сеуште го нема разведено бракот ниту одлучено за доверување на чување, воспитување и делумно издржување на малолетното дете, иако од страна на ЈУ МЦСР Скопје судот има добиено мислење детето да биде дадено на чување и воспитување на мајката. Како причини поради кои постапката се одолговлекува ги утврдивме: постојано доставување на поднесоци од страна на тужениот и нивно ненавремено доставување до тужителката, измена на составот на судскиот совет поради што, согласно член 301 став 3 од Законот за парнична постапка било донесено решение главната расправа да почне одново и одложување на рочиштата за главна расправа за временски интервал од два до три месеци, со што се повредува член 108 став 2 од Законот за парнична постапка, според кој кога судот че го одложи рочиштето  е должен новото рочиште да го одржи во рок

од најмалку осум дена, односно во рок од најмногу 45 дена од денот кога рочиштето било одложено.

Земајќи го предвид сето горенаведено, а посебно што во конкретниот случај се работи и за заштита на правата на малолетното 3 годишно дете, кое се наоѓа кај таткото и потребата истото, со оглед на неговата возраст и да биде доделено на чување, воспитување и делумно издржување на мајката, Хелсиншкиот комитет за човекови права ќе достави известување до Претседателот на Основниот суд Скопје 2 Скопје за повредата на правото на судење во разумен рок со барање сериозно да се разгледа овој предмет и за истиот што поскоро да биде донесена одлука, а доколку по истото не биде постапено, ќе биде доставена претставка до судскиот совет на Република Македонија за повреда на правото на судење во разумен рок и барање за негова заштита.

## СЛУЧАЈ ВИКТОР КРАЉЕВСКИ – РОДИТЕЛСКО ПРАВО

Заштитата на правата на децата и постапувањето во случаи каде најдобриот интерес на децата секогаш се зема во предвид, е една од повеќето области во која Хелсиншкиот комитет за човекови права на Република Македонија ги имплементира своите активности, а во согласност со националното законодавство и меѓународните договори потпишани од страна на Република Македонија.

Во овој контекст, Хелсиншкиот комитет за човекови права, постапи во случајот на лицето Виктор Краљевски кој според неговите наводи изјави дека е разведен, татко на две малолетни деца, кои по разводот, врз основа на судска пресуда, биле доделени на чување и воспитување на неговата поранешна сопруга, односно на мајката на децата. Меѓутоа, по одреден период поради оформување на нова брачна заедница од страна на мајката, децата со согласност на мајката биле донесени да живеат со таткото, иако вршењето на родителското право согласно законот сè уште требала да го врши мајката.

Со цел подобрување на лошата материјална состојба во која се наоѓа таткото, околност со која би му се олеснило во процесот на чување и воспитување на своите деца и заштитата на нивните права и интереси, истиот се обратил до надлежните за помош и притоа барал вршењето на родителското право да му биде доделено нему. Земајќи ги предвид законските одредби од Законот за семејство[2] и околностите на случајот, Хелсиншкиот комитет за човекови права, во рамки на своите надлежности, го информираше ЈУ „Меѓуопштински центар за социјални работи"- Куманово за овој случај и притоа му укажа на овој центар да постапи согласно законот, при што случајот би се решил на најповолен начин, односно во најдобар интерес на децата.

Исто така, мора да се спомене дека по добивање на укажувањето од страна на Хелсиншкиот комитет, ЈУ „Меѓуопштински центар за социјални работи"- Куманово

[2] „Службен весник на Република Македонија" број 80/92, 9/96, 38/2004, 33/2006, 84/2008, 67/10, 156/10, 39/12 и 44/12 (членови 76-94)

сепак постапи во рамки на своите законски овластувања, при што ги контактираше двата родитела и започна постапка за доделување на родителското право на таткото, земајќи го предвид најдобриот интерес на децата во овој случај.

# ПРАВА НА ЛГБТ ЗАЕДНИЦАТА

## ВОВЕД

Во однос на правната рамка и дејствувањето на државните институции од аспект на ЛГБТИ прашањата мора да се истакне после подолго време е воспоставена комуникација меѓу ЛГБТИ организација и државна институција, односно започнувањето на комуникацијата меѓу ЛГБТИ Центарот и Хелсиншкиот Комитет за човекови права на Р.М. со Министерството за надворешни работи на Република Македонија (МНР), а која се однесува на спроведувањето на Препораката CM/Rec(2010)5 на Комитетот на Министри на Советото на Европа. Правната рамка не забележа промени кои се од значење за статусот на ЛГБТИ луѓето во државата.

Најголема промена која се случи во однос на ЛГБТИ луѓето во месец февруари е заживувањето на ЛГБТИ Центарот за поддршка, каде с повеќе луѓе доаѓаат заради помош или едноставно социјализација. После тројната промоција во ЛГБТИ Центарот за подршка која се случи на 14 Февруари, се зголеми посетеноста на Центарот од страна на ЛГБТИ луѓето, како и заинтересираноста за работата на Центарот од страна на генералната популација. Промоцијата на интернет страницата, Публикацијата за родители и семејства и Кварталениот Извештај за правата на ЛГБТИ луѓето, привлече доста внимание и доби голема посетеност, при што секојдневието на Центарот доби поголема динамика. За жал медиумите настанот беше многу малку медиумски покриен, што најмногу се должи на разгорената политичка криза во држвата во тој момент.

Секако потребата од ЛГБТИ Центарот за поддршка се чувствува најмногу токму заради минималното или никакво ангажирање на државните институции, националните медиуми, како и заради појавата на конкретни случаи каде што е потребна некаква интервенција или поддршка.

## ЗАСТАПУВАЊЕ И ЛОБИРАЊЕ

Во текот на месец февруари ЛГБТИ Центарот за поддршка и Хелсиншкиот Комитет за човекови права на Р.М. имаше средба во Министерството за надворешни работи (МНР) а во однос на Извештајот за спроведувањето на Препораката CM/Rec(2010)5 на Комитетот на Министри на Советото на Европа (СоЕ). Во средината на месец март Комитетот на Министри при СоЕ ќе прави разгледување на спроведувањето на Препораката од страна на државите членки и за таа цел испрати Прашалник до сите за активностите кои ги презеле државите. На состанокот беше потенцирана важноста

Република Македонија да се најде во клубот на европски држави кои одговориле на Прашалникот, како и можноста за соработка и меѓусебна помош во однос на Препораката, помош околу одговарањето на Прашалникот, како и за понатамошните активности за спроведување на Препораката. МНР успеа да одговори во дадената временска рамка на Прашалникот и со нив очекуваме суштинска соработка во следниот период. Извештајот за спроведувањето на Препораката на СоЕ, ЛГБТИ Центарот и Хелсиншкиот Комитет го изработија во соработка ИЛГА Европа, а во директна комуникација со државните институции надлежни за поедините области. Публикацијата со Извештајот ќе биде промоврирана во следниот период.

При посетата на Република Македонија, Известувачот за Република Македонија во Европскиот Парламент г-н Ричард Ховит имаше средба со Програмскиот Директор на ЛГБТИ Центарот за поддршка. Беа разменети мислења околу статусот на ЛГБТИ луѓето во Република Македонија, а беше и договорена поблиска соработка во иднина, од аспект на статусот на ЛГБТИ луѓето и евро-интеграцискиот процес низ кој минува нашата држава. Во Предлогот на Резолуцијата за Република Македонија која во следниот период треба да биде финализирана и изгласана во Европскиот Парламент, г-н Ховит го поздравува отварањето на ЛГБТИ Центарот за подррушка, искажувајќи поддршка за ЛГБТИ заедницата.

## СЛУЧАИ НА ДИСКРИМИНАЦИЈА И НАСИЛСТВО

Во месец февруари претставници на Центарот посетија групи во градовите надвор од Скопје, поради потребната интервенција во случајот на млада девојка која поради својата сексуална ориентација беше жртва на семејно насилство. Освен психичкото и физичкото насилство, девојката беше оставена на улица без никаква финансиска помош за завршување на задолжителното образование.

Центарот интервенираше како медиатор меѓу девојката и Центарот за социјална работа каде што случајот беше прифатен и е сеуште во процес. Повторна интервенција следуваше од страна на Центарот во средното училиште каде жртвата е запишана, поради отсранување на препреките, кои имајќи ја предвид ситуацијата во која се најде оваа млада лезбијка, се отежнуваше пристапот и завршување на задолжителното средно образование. Добивме пријава за уште еден случај на семејно насилство поради сексуална ориентација, кој жртвата го пријави во полиција, но брзо потоа жртвата се откажа од продолжување со процесот поради смирување на домашната ситуација. Во најкраткиот месец од годината се среќаваме со интервенции во два случаи на насилство поради сексуална ориентација, додека во цели 5 месеци работа на центарот беа пријавени дури 8 евидентирани случаи на насилство кои препознаваат омраза врз ЛГБТИ популацијата.

Ова покажува дека мора да се реагира на национално ниво со зајакнување на правната заштита на жртвите на семејно насилство по основ на сексуална ориентација и родов идентитет, покренување на кампања за намалување на насилството воопшто предизвикано од омраза поради сексуална ориентација или родов идентитет, со посебен акцент на семејното насилство. Исто така очекуваме институциите на државата да преземат нешто во врска со обучувањето и сензибилизирањето на

тематата на сексуалната ориентација и родовиот идентитет, на сите оние кои работат во органи и институции за превенција и заштита од насилство . ЛГБТИ Центарот за поддршка стои на располагање за развивање на соодветни курикулуми во оваа смисла.

Насилството се случува, додека поради немање на пракса во системот и институциите се остава простор за селективен пристап што ја намалува заштитата за жртвите од насилство.

## МЕДИУМИТЕ И ЛГБТ ЗАЕДНИЦАТА

Генерален заклучок е дека националните медиуми не посветуваат внимание на статусот и прашањата со кои се соочуваат ЛГБТИ луѓето во Република Македонија. Во месец февруари известувањето на медиумите најчесто е неутрално и најмногу се пренесуваат вести од странство. Содржината на вестите во најголем број е негативна и се однесува на тоа во кои земји најмалку се почитуваат ЛГБТИ правата, во кои земји е најтешко да се биде геј, најнепосакувани туристички дестинации за ЛГБТИ зедницата, со акцент наситуацијата со забраната на “геј пропагандата” во Русија. http://www.mkd.mk/svet/vesti/lavrov-zabranata-na-gej-propagandata-go-shtiti-malcinstvoto-od-mnozinstvoto).

Најголем број од вестите објавени во февруари поврзани со ЛГБТИ заедницата се оние за анкетата спроведена од страна на Галуп во САД врз 200.000 испитаници на кои им е поставено прашањето дали себеси се сметаат за припадници на ЛГБТИ заедницата. Иако најголем број од медиумите ја имаат пренесено веста неутрално, со конкретни податоци и непристрасно, има и такви кои во известувањето пристапуваат со доза на сензационализам (http://off.net.mk/zhivot-i-zabava/ljubov-i-seks/i-galup-sit-i-homoseksualcite-na-broj).

Најмногу вестите поврзани со ЛГБТИ заедницата во Македонија ги објавуваат интернет порталите и најчесто се наутрални и се однесуваат на случувања организирани од страна на НВО како на пример тројната промоција во ЛГБТИ Центарот за поддршка и посетата на холандската амбасадорка Мариет Шурман (http://www.radiomof.mk/trojna-promotsija-vo-lgbti-tsentarot-za-poddrshka/), промоцијата на публикацијата Медиуми, говорот наомраза и маргинализираните заедници проследени со интервјуа на релевантни личности кои работат во доменот на човековите права (http://www.radiomof.mk/mediumite-polni-so-govor-na-omraza-kon-marginaliziranite-grupi/), како и оние за „првата геј парада“ во Македонија (http://www.skopjeinfo.mk/gradot/600733951/potvrdeno-bo-skopje-ke-se-organizira-gej-parada). Неколку медиуми имаат известено за уназадувањето на ЛГБТИ правата во Македонија, заедно со веста за листата на 500те највлијателни геј луѓе восветот, на која се наоѓаат и двајца Македонци (http://novatv.mk/index.php?navig=8&vest=432&cat=16).

## ГРУПИ ЗА ПОДДРШКА

*Лезбејско-феминистичка група за поддршка*

Лезбејско-феминистичката група за поддршка (ЛезФем) одржа вкупно три средби во текот на месец февруари. Првата средба беше одржана со неформалната група Бори се женски и на неа се разгледуваа опциите за здружување во заедничка акција по повод 8ми март. Беа дадени почетните идеи. На втората средба, девојките од ЛезФем работеа на визуелниот идентитет на групата, т.е. на името и логото на групата, како и за активности кои би следеле по 8ми март. На третата средба, ЛезФем заедно со Бори се женски разговараа за планираниот настан по повод 8мимарт, т.е. акцијата посветена на жените борки од минатото, при што се концентрираа на техничките детали.

*Група за поддршка на трансродови лица*

Групата за поддршка на трансродови лица одржа средба во првата половина на февруари. На средбата беше одржана проекција, дискусија, како и стручни консултации со медицинските лица кои беа присутни. Беше прикажана телевизиска емисија во која гостуваше искусниот медицински тим од Белград, кој работи со трансродови лица. По проекцијата следеше дискусија, при што присутните, меѓу кои имаше и сосема нови членови, можеа да добијат поддршка и одговори на прашањата кои ги засегаат. Терминот резервиран за стручните лица започна подоцна, со пристигнувањето на шест психолози, меѓу кои имаше две лица кои не присуствувале на средбите претходно, што покажа дека стручниот тим има тенденција на раст. На стручните лица им беа поделени информативни и видео материјали. Беа дадени неколку предлози кои ќе бидат спроведени чекор по чекор, а до следната средба се планира да се заврши преводот на важен меѓународен документ кој ќе ја постави основата и рамката на здравствената заштита за транс луѓето во Р. Македонија.

*Група за поддршка на родители, семејства и пријатели на ЛГБТИ луѓе*

Групата за поддршка на родители, семејства и пријатели на ЛГБТИ луѓе беше основана на 14ти февруари, на денот на официјалната промоција на прирачникот за родители, семејства и пријатели на ЛГБТИ луѓе, насловен „Нашите синови и ќерки“. Една мајка пред присутните го претстави прирачникот, истовремено поврзувајќи го и со сопственото искуство, а воедно ја најави и првата средба на оваа група, која се одржа следниот ден. Присутните родители на состанокот следниот ден имаа долг и исцрпен разговор на темата која ги поврзува и за поддршката која можат едни на други да си ја дадат. Оттогаш се во постојан телефонски контакт, а во меѓувреме кај други родители од неколку градови во Македонија расте интересот за добивање поддршка во рамките на оваа група.

*Група за поддршка на геј мажи*

Групата за поддршка на геј мажи во месец февруари беше во завршната фаза од своето формирање. Контактите беа одржувани и се правеа финалните подготовки пред првата средбана ова група.